АПРИЛ 1980 ГОДИНА XXII БРОЈ 4

YUJSSN0034-0227

# РАЗГЛЕДИ

*ДИМИТРИЕ ОСМАНЛИ*: МИЛТОН МАНАКИ – ПРВИОТ КИНЕМАТОГРАФСКИ ЗОГРАФ НА БАЛКАНОТ
*ЛИЛЈАНА ДИРЈАН*: ШЕСТ ПЕСНИ
*РАДОМИР ИВАНОВИЌ*: СЕМЕЈНАТА ХРОНИКА НА ЗОРАН КОВАЧЕВСКИ
*ГЛИГОР СТОЈКОВСКИ*: ТРИ ПЕСНИ
*СРБО ИВАНОВСКИ*: ЕПИЗОДА ВО МАНАСТИРОТ
*ЦИРИЛ ЗЛОБЕЦ*: ДВАНАЕСЕТ ПЕСНИ
*ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ*: КИРЕ ДИМОВ (МАЛИ КИРЕ) И НАРОДНАТА ПОЕЗИЈА
*ЉУПЧО СИЛЈАНОВСКИ*: ЧЕТИРИ ПЕСНИ
*ИВАН ИВАНОВСКИ*: ОКТРИВАЊА (II)

простори на зборот

*ФРИДРИХ ХЕЛДЕРЛИН*: ОСУМ ПЕСНИ
*РАНКА ГРЧЕВА*: ФРИДРИХ ХЕЛДЕРЛИН

сведоштва

*ДИМИТАР ДИМЕСКИ*: ДЕЈНОСТА НА СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ ВО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

преведен есеј

*ЈУРИЈ КРАВЖА*: ЛУЖИЧКОСРПСКАТА КНИЖЕВНОСТ ДЕНЕС

критички фрагменти

*АЛЕКСАНДАР СПАСОВ*: ВЛАДА УРОШЕВИЌ – „СОНУВАЧОТ И ПРАЗНИНАТА"
*МАТЕЈА МАТЕВСКИ*: ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ – „СВЕТ – СОН"
*ЈЕЛЕНА АНДРЕЕВСКА*: СКУЛПТУРАТА КАКО ИНТИМИЗИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
*НАСО БЕЌАРОВСКИ*: БИБЛИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ (II)

– Скопје –

# РАЗГЛЕДИ

**СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА УМЕТНОСТ И КУЛТУРА**



**Уредуваат**

Драган БОЈАЏИЕВ, Благоја ИВАНОВ (главен и одговорен уредник), Србо ИВАНОВСКИ, Данило КОЦЕВСКИ (заменик главен уредник) и Борис ПЕТКОВСКИ

**Издавачки совет**

Димитар СОЛЕВ (претседател), Томе АНДРЕЕВСКИ, Цветан ГРОЗДАНОВ, Љупчо ДИМИТРОВСКИ, ВУКОСАВА ДОНЕВА, Љубомир ЈАКИМОВСКИ, РИСТО КАЛЧЕВСКИ, Матеја МАТЕВСКИ, Димче НИКОЛЕСКИ, Божидар НАСТЕВ, Михаил РЕНЏОВ, Веле СМИЛЕВСКИ, *ДУШАН ТОМОВСКИ* Милан ФИРФОВ Стево ЦРВЕНКОВСКИ и Вера ЧЕЈКОВСКА

лектор: Димче Биљановски

коректор: Бранислав Грковски



Излегувањето на списанието е овозможено од материјалната поддршка на Републичката заедница за културата.


---


**Редакција и администрација**

91000 Скопје ул. „Иво Рибар-Лола“ бб (поранешна зграда на Ложилница, спроти фабриката „Алумина“) тел.: 226-965
Пошт. фах 345, чековна сметка бр. 40100-678-7246


Годишна претплата 200,00 дин., полугодишна 100,00 дин., одделен број 20,00 дин., двоброј 40,00 дин. Годишна претплата за странство 400,00 дин., полугодишна 200,00 дин. одделен број 40,00 дин., двоброј 80,00 дин.
Редактирањето на бројот заклучено на 10.4.80г.
Ракописите не се враќаат

Печатено во РО НИП „Нова Македонија“, ООЗТ Печатница – Скопје
Тираж: 1000 примероци

# СКУЛПТУРАТА КАКО ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Премиерното прикажување на ситната пластика под покровителство на Уметничката галерија од Скопје, е потег кој треба да се поздрави, истовремено посакувајќи и понатаму да се негува оваа интересна скулпторска дисциплина. Ситната пластика како еден вид скулпторска дисциплина во многу нешта се разликува од скулптурата како таква. Несомнено, и едната и другата имаат свое место и значење во уметноста, со таа разлика што ситната пластика можеме да ја интимизираме, внесувајќи ја во своите домови. Таа и го носи во себе тој свет на интима уште од самото уметниково ателје. Тој свет на интимни чувства е предаден во еден здив, за подоцна, многу често, таа мала скулптура да прерасне во еден пообемен скулпторски зафат.

Скулпторите кои се присутни на оваа изложба се претставија со 36 дела, работени во разновиден материјал: дрво, гипс, бронза, мермер теракота, полиестер итн. Несомнено е дека поголем број наши скулптори сè уште го немаат изнајдено својот уметнички израз. Ако тој израз понекогаш го најде своето место и значење, набргу ќе се изгуби во секојдневицата на она банално повторување на „веќе виденото". Истото тоа во поголемиот број дела се среќава и на оваа изложба, каде што јасно се согледува потребата од изнаоѓање нови моменти во сето тоа. Едно е сепак јасно дека фигуративната претстава има примарно место. Колку што е различно застапен материјалот за изведба на овие дела, толку и темите и преокупациите на самите уметници се различни и се протегаат во разни сфери на уметниковата замисла. Тоа може да биде момент од нашето славно минато, преку симболичниот приказ на „Февруарскиот поход" од Б. Митриќески, или пак нашите славни личности од НОВ „Јосиф Јосифовски-Свештарот и Копе Неделковски" — релјеф. Ликовите на овие наши револуционери предадени се доста реалистично. Чувството за рафинман и овде не изостанува, што е и карактеристично за скулпторот Д. Тодоровски. Фолклорниот мотив т.е. „традиционалното "и овој пат не

изостанува. Тука се јавува во вид на „Македонка во народна носија" од Пано Анѓушев, предадена во еден „византиски" дух со иконографски елементи. Робусноста во ликот на оваа жена-Македонка го открива и реалистичниот момент до кој сакал да се доближи уметникот.

Жената, вечната уметникова инспирација и овде се јавува како еден значаен момент во уметниковото творење. Така, скулптурата „Жена" на Бранко Конески, е предадена во една невообичаена положба и тоа како искажување на болка или пак момент на изразување на љубов. Како и да е уметникот донекаде успеал да го ангажира посетителот на размислување.

Илија Лафазановски на оваа изложба ни се претстави со две скулптури: „Мајка со дете" и „Копнеж". Скулптурата „Мајка со дете" вака конципирана многу потсетува на доцноренесансната и барокната скулптура. Забележителна е позата на мајката-доилка — лежерниот став и изразот на лицето оддаваат едно спокојство, впечаток на мир и блаженство.

За одбележување е и скулптурата „Мајка со дете" на Крсто Славковски. Ако претходната скулптура укажуваше на некои влијанија од ренесансата и барокот оваа скулптура нè враќа уште порано, на една уметност која и денес егзистира и сè уште е инспирација на многу уметници во светот. Имено, станува збор за источничката уметност-скулптурата, влијанието ѝ се согледува во карактеристичното седење со подвиени колена, па потоа и во самиот лик на мајката кој открива маска. Веднаш ќе се надоврзам на ликот „Портрет со плетенка" од Васко Василев, каде што „африканското" влијание е најзабележително, со конкретно користење на инспирации од црнечките маски. Ликот на девојката е (деформиран), а самата глава со плетенката дадени се во перспектива. Овде црнечката уметност егзистира како инспиративен момент на уметникот во предавање на своите чувства во потесна смисла на зборот. Ако се има предвид дека африканската примитивна пластика претставува неисцрпен резервоар на многу уметници од светот и оваа појава меѓу нашите скулптори не би требало да се земе како лош предзнак на недоволно користење на своите национални мотиви, туку како момент на една творечка инспирација на уметникот со помош на таа туѓа специфичност да најде и свој творечки предизвик.

Благој Чушков ни се претставува со еден интересен акт-жена која симболизира плодност. Статичноста во фигурата на овој акт и робусната става, предимензионираните женски атрибути, потсетуваат на примитивните скулптури во претставувањето на жената, како извор на плодност — „Магна Матер", жена која го поврзува небото и земјата.

Уметноста на апстракцијата и овде нашла свое место. Очигледно е дека таа во ситната пластика не дава простор за раскринкување на идеите на уметникот. Можеби повеќе е апстрахирана идејата како таква, отколку материјата.

Петар Хаџи Бошков на ова аизложба ни се претставува со две скулптури: „Форма I“ и „Форма II“. Во скулптурата „Форма I“ Хаџи Бошков апстрахира еден планински масив кој гледано одозгора со широкиот отвор (кој може да претставува иницијација на „кратер“) оддава една празнина и шупливост. Надворешната масивност и цврстина на тој планински масив истовремено ја открива и внатрешната разјаденост и можност на таа грамада во еден момент да се урне. Со по две скулптури се претставуваат и Д. Поповски-Дада, Богдан Мусовиќ (можеби еден од поинтересните излагачи на оваа изложба, со едно смислено скулпторско решение. извадено со математичка точност и педантна изработка: „Отворање на дискот“), потоа Стефан Маневски со „Без наслов I“ и „Без наслов II“ кои се доближуваат до парковската скулптура.

Насо Беќаровски, Коста Абдарманов, Илија Аџиевски и др. имаа учество на оваа изложба со своите дела каде што доминира апстракцијата земена од природата и антропоморфниот свет.

Во целост, изложбата и самите учесници во неа дадоа придонес за афирмирање на оваа скулпторска дисциплина која кај нас барем досега не е често јавно излагана. За квалитетот и уметничкиот впечаток на изложените експонати, за некоја оригиналност во изразувањето не би можело да стане збор, а и мотивите се различни додека влијанијата некаде добиваат поголем замав. Што, од друга страна не би требало да се окарактеризира како немоќ на уметникот да даде нешто свое, оригинално, туку, како еден неминовен процес во уметниковиот развој.

Соодветно на тоа и самиот впечаток од виденото може да се карактеризира како еден позитивен напор на учесниците да го пронајдат вистинскиот пат до оригиналноста.

*Јелена АНДРЕЕВСКА*

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

АПРИЛ
1980 БР. 4

РАЗГЛЕДИ

## СОДРЖИНА

*ДИМИТРИЕ ОСМАНЛИ*: МИЛТОН МАНАКИ – ПРВИОТ КИНЕМАТОГРАФСКИ ЗОГРАФ НА БАЛКАНОТ ........ 319
*ЛИЛЈАНА ДИРЈАН*: ШЕСТ ПЕСНИ ........ 329
*РАДОМИР ИВАНОВИЌ*: СЕМЕЈНАТА ХРОНИКА НА ЗОРАН КОВАЧЕВСКИ ........ 333
*ГЛИГОР СТОЈКОВСКИ*: ТРИ ПЕСНИ ........ 346
*СРБО ИВАНОВСКИ*: ЕПИЗОДА ВО МАНАСТИРОТ ........ 349
*ЦИРИЛ ЗЛОБЕЦ*: ДВАНАЕСЕТ ПЕСНИ ........ 361
*ВАСИЛ ТОЦИНОВСКИ*: КИРЕ ДИМОВ (МАЛИ КИРЕ) И НАРОДНАТА ПОЕЗИЈА ........ 371
*ЉУПЧО СИЛЈАНОВСКИ*: ЧЕТИРИ ПЕСНИ ........ 376
*ИВАН ИВАНОВСКИ*: ОТКРИВАЊЕ (II) ........ 380

### простори на зборот

*ФРИДРИХ ХЕЛДЕРЛИН*: ОСУМ ПЕСНИ ........ 402
*РАНКА ГРЧЕВА*: ФРИДРИХ ХЕЛДЕРЛИН ........ 413

### сведоштва

*ДИМИТАР ДИМЕСКИ*: ДЕЈНОСТА НА СТРАНСКИТЕ ПРОПАГАНДИ ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ ВО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК ........ 420

### превед енесе

*ЈУРИЈ КРАВЖА*: ЛУЖИЧКОСРПСКАТА КНИЖЕВНОСТ ДЕНЕС ........ 425

### критички фрагменти

*АЛЕКСАНДАР СПАСОВ*: ВЛАДА УРОШЕВИЌ – „СОНУВАЧОТ И ПРАЗНИНАТА“ ........ 430
*МАТЕЈА МАТЕВСКИ*: ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ – „СВЕТ – СОН“ ........ 432
*ЈЕЛЕНА АНДРЕЕВСКА*: СКУЛПТУРАТА КАКО ИНТИМИЗИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ........ 435
*НАСО БЕЌАРОВСКИ*: БИБЛИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ (II) ........ 438